Република Северна Македонија

**Инспекциски совет**

Арх. број: 03-1245/6

Датум: 03.11.2022

ДО

Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Врска (Ваш број):

Почитуван г-дин ,

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер и истото е прифатено со Решение за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-1245/5 од 03.11.2022 година, чиј прилог е и овој Одговор.

Имено, првично, Вие побаравте на Вашата е-адреса и по пошта да Ви биде доставена следната информација:

- Одговор во однос на Претставка, бр. 03-326/2 од 29.07.2022 година.

Постапувајќи по Вашето Барање, констатиравме дека во архивската евиденција на Инспекцискиот совет не постои архивски заверен предмет со бр. 03-326/2 од 29.07.2022 година, по што согласно законски пропишаната постака, по е-пат, од Вас побаравме истото да го дополните.

После Вашето дополнување на Барањето, беше констатирано дека Вие всушност барате одговор на Вашата „Жалба – Претставка", наш бр. УПП 16-222 од 12.07.2022 година.

Напоменуваме дека Одговорот на Вашата претставка, бр. УПП 16-222/2022 од 14.10.2022 година, Инспекцискиот совет уредно Ви го достави по пошта, на следната адреса: СОТУ „Ѓорѓи Наумов" – Битола, ул. „Кочо Палигора", бр. 18 – Битола. Иако уредно доставен, овој Одговор Вие не сте го добиле.

Во тој контекст Ве известуваме дека Инспекцискиот совет на 276 – та седница ја разгледа претставката и ги донесе следните заклучоци: „Од севкупната анализа на актите кои произлегуваат од постапувањето на државните просветни инспектори Весна Корлевска и Гордан Трифуновски во однос на записникот ИП 1 09-155 од 12.05.2022 година, произлегува дека наводите од истата се основани при што претставката се смета за затворена, а во однос на постапувањето на државниот просветен инспектор Весна Корлевска во врска со Записникот ИП 1 09-205 од 30.06.2022 година,

произлегува дека наводите од истата се основани и претставката се смета за затворена. Надлежниот член на Советот ќе предложи соодветна постапка согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 102/2019).

За Ваша поконкретна информираност, во прилог на овој Одговор Ви доставуваме и копија од нашиот Одговор на претставка, бр. УПП 16-222/2022 од 14.10.2022 година, испратен до Вас.

Инспекцискиот совет и понатаму Ви стои на располагање за сите останати информации од јавен карактер со коишто располага и коишто ги создал во текот на своето работење.

Искрено,

По овчластување од претседателот
на Инспекциски совет,
д-р Благоја Гешоски

Република Северна Македонија ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ Скопје
KESHILLI I INSPEKTORATEVE Shkup Republica e Maqedonisë së Veriut

Подготвил: Елизабета Кучера, советник
Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Одделение